# Дневник 1959–1969

Витолд Гомбрович

Книгата е објавена со поддршка на преведувачката програма ©POLAND и Министерството за култура на Република Северна Македонија

Република Северна Македонија
Министерство за култура

BOOK INSTITUTE
©POLAND

Едиција **Перископ**

Главен уредник
**Филип Димевски**

Наслов на оригиналот
**Witold Gombrowicz, Dziennik 1959–1969**

**Copyright © Rita Gombrowicz and Institut Littéraire**
**All rights reserved**

Јазична редакција
**Лидија Танушевска**

Лектура
**Ирена Ралева**

Компјутерска обработка
**Бегемот**

Графичко уредување
**Ѓорѓе Јовановиќ**

---

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

# Дневник 1959–1969

Витолд Гомбрович

Превод од полски јазик
**Филип Димевски**

Скопје, 2022

# 1959

## [32]

*Понеделник*

*КУТРЕ МОКРО, ИЛИ САМО ВЛАЖНО, ПО ИЗБОР.*

*Среда*

Секој адвокат, поинаку кажано „мецена“, ужива во возвишеното мнение за својата „општа култура“ (зашто, нели, „правото школува“), а кој било инженер за водоводни цевки се смета себеси за полнокрвен научник, божем е Хајзенберг. Излишно е да се споменува дека во стварноста имаат повеќе од слаб поим за фантазија.

Вчера. Колку иритантно! Два часа морав да го трпам мудрувањето на овие два вида дипломирани полуинтелектуалци. Неверојатна глупост. Мецената, со она свое правничко држење, со светоглед, стил, форма што замирисува на оној несреќен универзитет, како што костум замирисува на нафталин... Инженерчето ја сооппштуваше супериорноста на егзактната наука, оти, господине, некои таму филозофски или уметнички љубовни романи не се за

дисциплинираниот ум, и „господа, дали сте чуле за кванти?“ Страшно ниво. А секој од нив беше проследен и дополнет од својата половина, што со екстаза на женка го обожаваше неговиот интелект. Тажно е што универзитетите, од година во година, произведуваат илјадници магариња, од кои секое, порано или подоцна, ќе си најде своја поверлива магарица.

Како да се спречи факултетите да не фабрикуваат ваква евтинија, да не го загадуваат толку страшно воздухот во цивилизираниот свет? Околу мене има сѐ поголем метеж млади кретени од таа универзитетска фабрикација, хемиски испрани од природната интелигенција. Во Јужна Америка, исто така, почнува да станува задушливо од студентарија што го знае само она што ѝ се всадува во глава и што, наклукана со информации, го изгуби чувството за таквите немерливи нешта како што се карактерот, разумот, поезијата, шармот. Простачката грдотија на тие интелектуални работници, специјалисти за медицина, право, техника итн., дури и овде, во Аргентина, почнува да станува мачна. Без осет за уметноста, без познавање на животот, формирани од апстракцијата, тие се вообразени и тромави. Сакам да ги доведувам до лудило тие неестетски глупаци, или да ги давам во хаосот од имиња и теории што набрзина ги измислувам – само некогаш да не ме истепаат! Ме забавува што овие простонародни табиети се осудени исклучиво на наука – останатото, сѐ освен тоа, целокупниот духовен живот на човечкото племе, за нив е мачкање очи на народот – поради што, непрестајно, умираат од страв да не ги насамарат.

Па, така, со сласт им ја подбуцнувам селската недоверба спрема „книжевникот“, спрема тој мавтација пар екселанс, и одвреме-навреме подметнувам гримаса или зборче, сосем сомнително, па дури и будалесто. Нивната простачка почит спрема сериозноста е толку голема, што сосем се запрепастуваат од тоа. Или ги напаѓам со аристократија и генеалогија, непогрешлив трик кога се работи за доведување на глупаците до целосна оглупавеност.

А сепак... аристократијата... А сепак... аристократијата... О, аристократијо, сепак можеби си нешто повеќе од злонамерна шега. Идолот на простиот народ е *korista*, а идолот на аристократијата е *пријатноста.* Да се биде корисен и непријатен – тоа е целта на развојот на секој робот и стручњак. Да се биде толку многу корисен, што би можело да се биде непријатен – тоа е нивниот сон. Додека, пак, сонот на аристократите е токму спротивен: да се биде толку пријатен, колку што е потребно за да може да се биде некорисен. Па, што се однесува на мене, ова го тврдам и го запишувам како еден од каноните на моето знаење за луѓето – оној што сака да им се допадне на луѓето полесно ќе ѝ се приближи на човечноста одошто оној што сака да биде само корисен слуга.

*Четврток*

КУТРЕ БЕЛО, ВКУСНО, ДОБРО УХРАНЕТО.

*Петок*

На своите ученици им велам: не заборавајте дека не сум еден од вашите честити, патентирани и гарантирани професори. Со мене никогаш ништо не се знае. Во секој момент може да кажам глупост, или да излажам – воопшто, некому да му набијам рогови. Со мене нема никаква гаранција. Јас сум подлец – сакам да се забавувам – и да свиркам – да свиркам – да ви свиркам... вам и на моето поучување.

*Сабота*

МЕНУВАМ ЦРН ПЕС ШТО КАСА, ЗА ДВА СТАРИ.

*Сабота*

Одев по патека низ голема полјана во сантијашката шумичка, терен, се чини, предодреден за градење, обраснат со ретка трева, со бели ќелавици песок, неинтересен – се движам полека, замислено, гледајќи под нозете, а сонцето веќе зајде – минував покрај руина од расфрлени цигли и остатоци од машини и сандаци – кога одеднаш патеката малку ми се подигна под нозете, не многу, само малку, поради благото поткренување на теренот – и веднаш се спушти. Тоа беше доволно. Почувствував дека земјата оддолу ме удри како бран, го почувствував нејзиното бранување, нејзината неочекувана, прикриена еластичност. Стој! Што е ова?! Зар патека-

та оживеа? Зар земјата оживеа? Стој, стој, Бога ти, зар е можно нештата да оживеат... ама, во тој случај, *ти би морал неизбежно да станеш мртов предмет*! Како тоа? Како тоа? Три камчиња на патеката го приковаа мојот поглед, едно до друго... зар не е можна поинаква интерпретација на космосот, во која нивното мртвило би станало живот, а мојот живот – смрт? Не, батали тоа, тоа е премногу изнасилено, фантастично, ама – чуј – кога освен живиот и мртвиот свет би постоел некој трет свет – трет принцип – ох, за кој уште не сме ни сонувале, кој би му обезбедувал активност на предметот, кој би го претворал предметот во подмет? Да се сфатат триве камчиња како *активни...* Би била ли можна активна инертност? Стој! Стој! Какви се овие глупости!...

Сѐ затоа што си интелигентно момче. Затоа нема идиотизам што за тебе би бил несварлив... интелигенцијата и имагинацијата ѝ се предаваат на глупоста зашто за тебе веќе ништо не е доволно фантастично... и стоиш на патеката, како ненадејно заведен од глупост што за илјада години – за илјада години, ох, ти милениумски сине – може да стане нешто сродно на вистината.

*Понеделник*

ПЕС МОКАР И ЗГОЕН. *Значајна изјава на висок службеник*. Другарот министер за култура и уметност рече на радио (декември 1958 г.): „Во денешната ситуација има нешто ненормално. Да го земеме

првиот пример што ќе ни дојде при рака: книгата на Гомбрович е книжевен деликатес, рецензирана е од сите наши списанија и тоа не еднаш, туку многупати, додека, пак, книгите за масовна публика воопшто не се рецензирани.“

И веднаш потоа, во истиот дијалог за културната политика, или, како што често велат тие – за „културолошката политика“, пред микрофонот на Полското радио другарот министер повторно се навраќа на истата опсесивна тема.

„Многу заедничко со културната политика има фактот што, на пример, и покрај малиот простор во печатот, Гомбрович е рецензиран дваесет и пет пати, а Ванда Малцер, на пример – ниту еднаш.“

Разбирам. Ова е веќе опсесија. И ова веќе значи многу строга диета. Идилата заврши.

Тоа ми ти било балет! Каква штета што моите колеги на Запад не го знаат тој контратанц со сопствената нација – еднаш од печка, еднаш во печка. Десет години си никој, две години си – значаен, потоа човек по сила на културната диспозиција станува автор на „книжевни деликатеси“, впрочем, секако, сосем добри.

Ова „впрочем“ најмногу ме вознемирува. Јас, веројатно, би претпочитал тие диво и крајно да замолкнат за мене за век и векови, како што се случуваше до неодамна, да ме изгорат на клада или да ме удават во клозет. Уметноста, како и верата, се плаши само од едно: од млакоста. Ама тие – културно. Со план. Секако – мала пофалба не е на одмет, да не изгледа како терор... ама не премногу. Тоа „малку“ убива како отров во мали дози, цеден пополека.

*Среда*

ПЦИТЕ СЕ ПОТКАСУВААТ НА ЖЕГАТА.

*Четврток*

Припомнувајќи си ги своите бројни стравови, доаѓам до заклучокот дека мојата слаба отпорност, мојот, едноставно, кукавичлук – кој ми отежнува, на пример, да влезам во лифт и се појавува кога се качувам во трамвај, кој ми го затрува животот – потекнува од таа особина (или, можеби, манир) на мојата имагинација, што маката претежно ми се појавува во некој спореден, ситен аспект. За мене „се душам“ не е оној момент кога пукаат белите дробови, туку кога почнува да снемува воздух – ама започнува сериозно да снемува. Кршењето нога спремен сум да си го замислам како болка во грбот кога не можам да ја променам положбата, а војната да си ја замислам како вкус на прекчерашен чај, брадавица на прст и мрак. Таквата визија ја длаби храброста како црвот што го длаби дрвото.

Што имаат заедничко стравот и невиноста? А сепак, максималната преплашеност за мене е нешто исто толку чисто како... максималната невиност.

ЖОЛТ ПЕС, МАЛКУ ПОТКАСНАТ, ИНАКУ НОВ.